**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 мај 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, почитувани гости, ја отворам Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Дозволете ми од мое и Ваше да ги поздравам членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, Митрополитот Полошко - Кумановски Господин Кирил, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија Хаџи Сулејман Ефенди Реџепи, Бискупот на Скопско - Призренската Бискупија д-р Јоаким Хербут, шефовите на странските дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и другите гости присутни на седницата.

Странските дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и другите гости присутни на седницата.

(Господинот Саво Климовски станува).

Дами и господа, имам особена чест и задоволство од име на пратениците и од свое име, како претседател на Собранието на Република Македонија да го поздравам почитуваниот Волфганг Тирзе, претседател на Бундестагот на Сојузна Република Германија.

Господине Тирзе, Вашата посета на Република Македонија е уште една значајна потврда за успешниот развој и високиот степен на односите и соработката меѓу нашите Парламенти, народи и држави. Добро е познато и со задоволство потсетувам, дека Германија зазема прво место во нашата вкупна надворешно трговска размена со светот, како и дека оствaруваме континуирана соработка во голем број области како што се стопанството, одбраната, внатрешните работи, културата и други.

Добрите односи беа проверени и потврдени и во неодамнешните мошне чувствителни настани сврзани со безбедноста и демократската стабилност на нашата земја и регионот во кој се наоѓаме. Нашата земја се покажа и како добар домаќин на трупите на КФОР, во чии рамки е и значаен германски контингент. Очекуваме сето тоа да биде возвратено со зголемената отвореност и кооперативност во однос на европските и евроатлантските интеграции.

Во оваа прилика сакам да искажам посебна благодарност за значајната финансиско - техничка помош што ја добиваме од СР Германија, како и за поддршката за отпочнување на преговорите за склучување на кој што (по неговото склучување) ќе го ратификува овој за нас историски документ со кој дефинитивно ќе се вклучиме во единствената Европа, без граници на поделби.

Ваша екселенцијо, Ве поканувам да се обратите пред пратениците на Собранието на Република Македонија. (Аплауз).

**ВОЛФГАНГ ТИРЗЕ:**

Почитуван господине претседателе, почитуван колега Климовски, почитувани колеги од македонскиот Парламент, Почитувани дами и господа, фактот што ме поканивте денес да говорам пред вас за мене е голема чест. Тоа е одлика за Сојузна Република Германија, за Германскиот Бундестаг и за оваа покана најсрдечно ви се заблагодарувам.

Македонија е посебна земја, земја која ги употребува сите свои сили среде европското кризно подрачје, среде насилство кое е предизвикано од етнички мотиви да се залага за стабилност и за мир. Германците со голем интерес го следеа ова, со голема симпатија и со голем респект.

Изминатите десет години не поучија во Европа дека имаме различни искуства. Ние Германците како последица од мирољубивата револуција во 1980 година, како резултат на елиминација на комунистичкиот систем и како надминување на конфликтот помеѓу Исток и Запад пред вас стои човек кој што го поминал својот живот во Источниот дел на Германија, во Германската Демократска Република и сега сум избран во една служба, која што е една од највисоките на германските структури. Фактот што ние не сме ги надминале сите проблеми на обединувања, тоа веројатно и

вие го слушнавте. Германскиот процес на обединување се покажа како тежок процес не само во областа на економијата. Во економскиот развиток, економската обнова во Источна Германија се уште не е завршена. Се уште владее голема стапка на невработеност во однос на Западна Германија, но згора на се германското обединување се покажа како процес кој што е полн со човечки културни и ментални проблеми. Се уште ни е потребно трпение, разбирање и солидарност, но се разбира и финансиска солидарност помеѓу Исток и Запад во Германија.

Истовремено ние Германците знаевме, но исто така и сакавме германското обединување да биде еден дел од обединувањето на Европа. Ние знаевме и затоа сакавме дека само како дел на европското обединување ќе може да се успее и поради тоа наша историска среќа е што нашите соседи се согласија со обединувањето на Германија. Ние Германците за прв пат после многу, многу години се обединивме во обединети граници и сите наши соседи се согласија со ова. Ова се случи на крајот на XX век кога Германците многу злосторства направија. Тоа едноставно не беше ни разбирливо. Една ваква историска среќа истовремено значи дека треба да работиме и ние за изградбата на Европа. Ние Германците не смееме да се жалиме за нашите проблеми откако падна "железната завеса", споредувајќи ја судбината со луѓето кои што живеат во Југоисточна Европа. Во парадоксите на Германија спаѓаат и нашите јавни финансии, нашите социјални и ментални разлики при големата благосостојба што владее во Германија споредувајќи не со другите европски земји.

Колку поинаква е состојбата со Македонија, која што само девет години е независна. Македонија е истоштена од внатрешно политички проблеми, но вие сепак од самиот почеток се определивте за добрососедски односи и за соработка со Обединетите Нации и НАТО во интерес на превенција на кризи и на надминување на конфликти. Може да се каже дека е тоа во јасно разбраниот сопствен интерес на вашата земја, но исто така може да се каже дека тоа не е нешто само по себе разбирливо. Уверен сум дека ниту европјаните, ниту Обединетите Нации нема да ја заборават високата свест и одговорност на Македонија. Веќе во 1992 година Обединетите Нации тука испратија набљудувачка мисија, која се смета за успешен пример за превенција на кризи од страна на Обединетите Нации. Од ноември 1998 година прифативте досега бројка од 15 илјади војници на НАТО, помеѓу кои спаѓаат и германски војници - КФОР, кој што вчера ги посетив и би сакал да ве поздравам сите тука драги пратеници.

Овие војници ја имаат задачата конечно и во овој регион на Европа да воспостават долгорочен развиток за мир и стабилност. Македонија со тоа се стекна со признание и со висока репутација во Европа и во светот. Парламентарното Собрание на Европската Унија во Стразбург ја исклучи Македонија од посебната набљудувачка мисија. Многу ретко се случува една земја кога се испушта од мониторингот на Стразбург да биде толку пофалена како Македонија, особено во контекст на вашата спремност во Косовската криза на голем број на бегалци, бидејќи едноставно си ги исполнува своите обврски спрема Советот на Европа. Особено признание треба Собранието исто така да искаже поради македонското мнозинство и албланското малцинство.

Во тој правец ќе останете вие, драги колеги и колешки на Македонскиот Парламент, на овој пат. Македонија може на овој начин да биде добар пример за помирување помеѓу етничките групи и за другите предели на Балканот.

Почитувани колеги и колешки, почитувани дами и господа, последиците од косовската војна масивно ја погодија и Македонија. Привремено бевте принудени да прифатите 360 илјади бегалци. Политичкиот и економскиот развиток беше значително успорен. Со право очекувате од во јуни 1999 година донесениот Пакт за стабилност за Балканот и поддршка за вашата земја. Во Пактот за стабилност се вклучени сите заинтересирани актери почнувајќи од Соединетите Американски Држави, преку Европската Унија, Русија и вклучените земји. Сите тие дејствуваат како вистински партнери, со цел да ги ублажат непосредните последици од косовската војна, но исто така за да обезбедат демократија, економски просперитет и безбедност за регионот. Овој Пакт е заеднички цивилен напор за обезбедување на мирот. Германија годинава ќе стави на располагање 400 милиони германски марки, а во наредните години по 300 милиони германски марки. Со тоа поддржуваме голем број значителни проекти за вашата земја, како на пример изградба на граничниот премин Блаце, изградба на регионалната мрежа за пренос на електрична енергија,

како и на локални снабдувачки институции и низа други проекти.

Вашата земја, почитувани колеги и колешки е активна членка на Партнерството за мир. Истовремено се определивте за патот кон Европската Унија. Кога Германија претседаваше со Европската Унија, се заложи Македонија како прва Југоисточна земја од групата на земји, Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Сојузна Република Југославија и Албанија, Македонија како прва, со неа да се отпочнат преговори со Европската Унија во врска со Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Овие преговори веќе ги започнавме, бидејќи едно е јасно. На Европа и е потребна Европа како карпа во разбрането море, како што тоа се вели на германски – како стабилизационо сидро на Балканот. А и на Македонија и е потребна Европа за да ги изедначи економските односи со социјалните услови.

Европа се наоѓа пред најголемиот поствоен проект за безбедност и стабилност. Европската Унија ќе се прошири во наредните 10 години за отприлика 100 милиони граѓани од земјите на Источна, Централна и Југоисточна Европа. За да може Европската Унија да биде способна да прифати нови членки ќе мора таа своите внатрешни институции да ги унапреди. На Европската конференција во 2000 година, со која ќе претседава Франција ќе стане тема Европската Унија, која што на времето започна со шест членки да биде способна да функционира и со 20 членки. Секако дека се работи за многу тешка задача. Разликите помеѓу членките земји, составот на комисиите, правата на Европскиот Парламент, работата на заедничка надворешна и безбедносна политика, работење на идентична финансиска политика и на социјална политика на заеднички стандарди, тоа се се задачи чие решение е предуслов за вистинско проширување на Европската Унија.

Македонија при првиот круг на проширување на Европа нема да биде вклучена, меѓутоа ние нема да ја заборавиме со оние земји кои што се подготвуваат, односно со оние кои што подоцна се вклучија, туку напротив ние ќе ја поддржиме Македонија. Македонија на крајот на краиштата сама треба да определи колку брзо ќе може да застане на патеката за претекнување, односно да премине земји кои што веќе исполнуваат услови за пристапување кон Европската Унија, бидејќи не постои цврст односно догматски критериум, кој што ќе ви го овозможи пристапот во Европската Унија. Напротив, брзината со која што ќе влезе Македонија во Европската Унија зависи од вас, а не од илузиите односно од ветувањата од другите членки на Европската Унија.

Сите ние се залагаме за решителна и стабилна Европа. Заради тоа ќе мора секој чекор за проширување внимателно да се подготви и во повеќе добро промислени етапи да се спроведе. Но, да не се лажеме. Со оваа задача ќе се занимаваме и во наредните 10 години. Потребно е трпение, упорност и снажна работа. Без оглед на овие услови Европа е и ќе остане вистинска перспектива за Македонија. Уште од сега вие се подготвувате за долгорочните критериуми за пристапување кон Унијата. Стопанството ќе мора да е ориентирано според принципите на пазарната економија. Правниот систем ќе мора да кореспондира со европските стандарди. Одличните билатерални односи помеѓу двете земји ќе ни бидат од корист. Во моите преговори во претходните два дена сфатив колку напори Македонија вложува за да си овозможи што побрз пристап во Европската Унија. Германија е вашиот најголем трговски партнер и еден од најголемите донатори во развојно политичката соработка. Тука особено се докажаа проектите од областа на заштитата на човековата околина и оние за заснивање на бизнис. Нашите парламентарни контакти се тесни и плодни. Сојузниот канцелар беше тука, повеќе министри претстојуваа, многу парламентарци претстојуваа, колегата Клозе и колегата Брехт претстојуваа во Македонија.

Многу би ве поздравил господине претседателе кога Вие би можеле да ја почитувате мојата покана да дојдете во Германија, што би значело продолжување на нашите тесни парламентарни контакти.

Германско - македонските односи се збогатуваат со многубројни контакти и проекти од општествена област, во најширока смисла на зборот. Особено црквите, на пример Германскиот Сојуз на Каритас, Идијаконија, кои што се веќе повеќе години присутни со проекти во Македонија. Рурната парохија Есен ги придружуваше за покраината Северна Рајна Вествалија во еден нов проект Македонци и нивните семејства, пред се Роми на нивниот пат од Германија кон Македонија и им помагаше во изградба на нивните овдешни егзистенции. Вашата земја располага со широко распространета мрежа за невладини организации, кои соработуваат со германски институции. И ова треба да се поздрави,

бидејќи контактите помеѓу земјите не смеат да се сведат само на контакти помеѓу политичари и парламенти, туку треба да прераснат во контакти помеѓу претпријатија и други видови на организации.

За мирољубив и просперитетен развој на вашата земја во регионот и во Европа неопходен предуслов е општествен мир, кој расте од корен и убедливо се определува со едно да на луѓето за Европа. Луѓето би требало со Европа да поврзат повторно една визија, визија на еден континент со најразлични култури во кој народите и државите солидарно заеднички работат и взаемно работат и живеат.

Мултиетничкото взаемно живеење не треба повеќе да биде разгорување на пламенот туку едно збогатување, други јазици, други обичаи, други религии, не само во други земји туку и во сопствената земја треба да се толерираат. Тоа е клучот за Европа во која сите народи мирољубиво заедно ќе живеат. Македонија е охрабрувачки пример за своите соседи и за светот, за добриот соживот на македонските и албанските етнички групи, како и други малцинства.

Посебно би сакал да ве охрабрам и понатаму да имате доверба во луѓето од вашата земја кога се работи за спречување на меѓуетнички и на други видови конфликти без насилство и со спремност со компромис да се решат. Досега тешкиот пат го надминавте на многу импресивен начин, а Германија и понатаму ќе ве поддржува.

Ви посакувам на вашата земја се најубаво, мирољубив развој. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на почитуваниот господин Волфганг Тирзе за неговото обраќање.

Дами и господа пратеници, ја заклучувам Четириесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,10 часот).